# Два нови меморандуми за соработка на ЗПРМ

Како дел од своите активности за професионализација и едукација на млади кадри – преведувачи и толкувачи, ЗПРМ во 2016 год. потпиша Меморандум за соработка со Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Главна цел на меморандумот е да воспостави основа за остварување широка соработка помеѓу Здружението и Факултетот. Основниот фокус на соработката во следниот период ќе биде ставен на спроведувањето на Програмата за менторство која ЗПРМ ќе ја спроведува за студентите од 4. година на Катедрата за превод и толкување. Оваа активност за студентите ќе се смета за нивна практична работа, со што тие ќе ја исполнат оваа обврска кон факултетот, а истовремено ќе овозможи поискусните членови на ЗПРМ да работат со студентите и да потпомогнат во нивното остручување. Програмата ќе започне да се спроведува во учебната 2017-2018 година.

Покрај тоа, во текот на 2017 година, ЗПРМ започна соработка со една од најголемите приватни болници во Република Македонија, Клиника „Жан Митрев“ (претходно „Филип Втори“). Иницијатор на соработката е болницата, која има потреба од ангажирање преведувачи кои би посредувале при лекувањето пациенти од други држави. Оваа соработка беше официјализирана и со потпишување н Меморандум за соработка, по што ќе следува спроведување и стручна обука за колегите што ќе изразат желба да толкуваат и преведуваат за потребите на болницата.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРЕВЕДУВАЧИ И ТОЛКУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
contact@mata.mk • www.mata.mk